ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-189/1**

**Дата:** 11.02.2014

**ДО:**

# РЕЗИМЕ

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на ефикасноста на преземените мерки, политики и конкретни проекти за развој на туризмот во Република Македонија.

Ревизијата е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година.

Со ревизијата, утврдивме дека преземените мерки, политики и конкретни проекти за развој на туризмот во Република Македонија придонесоа преку промовирање на културните вредности и природните богатства да се зголеми бројот на туристи. Покрај меѓународна промоција на природните и културно-историските вредности на земјата, зголемениот број на туристи, се должи и на субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет. Напредокот во областа на туризмот е очигледен, но сепак, постојат одредени области во кои треба да се вложат напори со цел да се зголеми бројот на туристи, со што ќе се овозможи привлекување на нови инвестиции, креирање нови работни места, промовирање на културните вредности и природните богатства на Република Македонија и поттикнување на економскиот развој.

Прелиминарните истражувања кои ревизорскиот тим ги спроведе во Министерството за економија, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (во натамошниот текст Агенцијата), Факултетот за туризам и угостителство во Охрид и дел од единиците на локална самоуправа (Град Скопје, Битола, Охрид, Струга, Куманово, Кавадарци, Крушево, Вевчани) беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;

- Соработката и координацијата на инволвираните лица во активностите при планирање, донесување и реализација на политики, мерки и проекти во областа на туризмот;
- Влијанието на обезбедените финансиски, материјално-технички и човечки ресурси врз навремено и квалитетно планирање, донесување и реализирање на активностите во областа на туризмот;
- Инфраструктура и капацитети – овозможување на функционална туристичка целина, доволен број и соодветни објекти како и други содржини за сместување и престој на туристите;
- Креирањето на конкретни, комплетни и конкурентни туристички производи;
- Рамномерна поддршка и промоција на сите видови на туризам во Република Македонија;
- Влијанието на „Сивата економија во туризмот“[1] врз остварување на приходи од такса за привремен престој и обезбедување на реални статистички податоци.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2010, 2011, 2012 како и тековната 2013 година.

Од утврдените ризици со прелиминарното истражување, произлегоа заклучоци, по што ревизорскиот тим изготви ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Министерство за економија - Сектор за туризам и угостителство, Агенцијата, Македонска банка за поддршка на развојот, Центар за развој на Скопски плански регион, Центар за развој на Југоисточен плански регион, единиците на локална самоуправа: Град Скопје, Охрид, Струга, Вевчани, Битола, Крушево, Кавадарци, Куманово, Тетово, Струмица и Берово, врз основа на кои се сними состојбата во туризмот и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.
Состојбите кои се прикажани во Нацрт извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби во туризмот, идентификување на ризичните области поврзани со нормативните, организациските, финансиските, материјално - техничките, кадровските и други претпоставки кои влијаат врз активностите во областа на туризмот, откривање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица и институции треба да постапат. Препораките произлезени од оваа ревизија насочени се кон подобрување на состојбата во туризмот во земјата и поттикнување на економскиот развој.

[1] Нерегистрирани физички лица вршители на угостителска дејност

## РЕЗИМЕ - РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
## „ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И КОНКРЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

Извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесените заклучоци во точките од 1.1 до точката 7.1. во овој Нацрт извештај, кои се однесуваат на:

- Честите измени и недоречености во законската регулатива, ненавременото донесување на подзаконски акти како и пречистени текстови на законите, непреземените мерки за изготвување на национален стратешки документ како и забавената или одложена реализација на програмските активности влијаат на ефикасноста на преземените мерки, политики и проекти од областа на туризмот;
- Соработката и координацијата помеѓу инволвираните субјекти во активностите при планирање, донесување и реализација на политиките, мерките и проектите во областа на туризмот не е на задоволително ниво;
- Финансиските, материјално-техничките и човечките ресурси ангажирани во планирањето, донесувањето и реализирањето на активностите во областа на туризмот се недоволни;
- Постојната инфраструктура и капацитети не овозможуваат функционална туристичка целина;
- Не се врши креирање на конкретни, комплетни и конкурентни туристички производи согласно можностите кои ги нуди Република Македонија;
- Недоволна и нерамномерна поддршка и промоција на сите видови на туризам кои ги нуди земјата;
- „Сивата економија во туризмот" негативно влијае врз остварувањето на приходи од такса за привремен престој и обезбедувањето на реални статистички податоци.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-257/17 од 27.12.2013 година.